Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ..... 163

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (ПОМЛАД АСИСТЕНТ) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602-233/5 донесена на 75. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 19.10.2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден ***соработник***, ***помлад асистент*** за научната област ***казнено право*** на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Тодор Витларов, насловен доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател),
- д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член),
- д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Во врска со објавениот Конкурс во весникот „Дневник“, на 5.10.2012 година, за избор на еден соработник (во звање помлад асистент) за научната област *казнено право* на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: Билјана Ѓорѓева, Јулијана Богданова, Александра Ангеловска, Сузана Рунчева-Стојанова, Елена Иванова, Милица Шутова, Станка Трифунова, Патриција Рафеала-Бикова, Весна Трајановска и Драгана Кипријановска.

Описен преглед на кандидатите:

1. Кандидатката **м-р Билјана Ѓорѓева** кон пријавата ги приложува следниве документи:

- Пријава,
- Уверение за државјанство,
- Уверение за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
- Диплома за завршен курс по англиски јазик;
- Кратка биографија.

***Биографски податоци и професионални активности:***

Кандидатката **м-р Билјана Ѓорѓева** е родена на 28 октомври 1985 година во Штип, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година дипломира на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, со просечна оценка 9,16. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола на безбедносна насока и ги полага сите испити со просечен успех 9.25.

Во 2008 година учествува во регионална конференција за Евроатлантски интеграции за Балканскиот Полуостров во Црна Гора.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година кандидатот Ѓорѓева е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Вовед во право, Социологија на право, Криминологија) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Билјана Ѓорѓева активно го познава англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

*2.* Кандидатката м**-р Јулијана Богданова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Диплома за завршен втор циклус студии;
- Уверение за положени испити од втор циклус студии,
- Диплома за завршен прв циклус студии (240 кредити),
- Уверение за положени испити од втор циклус студии,
- Кратка биографија,
- Потврда за познавање англиски јазик,
- Уверение за државјанство,
- Диплома за познавање на работа со компјутери,
- Потврда за работно искуство како демонстратор на Правниот факултет на УГД,
- Потврда за положен испит за државни службеници,
- Сертификат за успешно завршен курс по претприемаштво,
- Сертификат за успешно завршено летно училиште на тема „Социјални димензии на трговијата со луѓе во Западен Балкан".

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатот **м-р Јулијана Богданова** е родена на 30 декември 1986 година во Штип, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2009 година дипломира на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со просечна оценка 9,53. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на насока Применета политика и дипломатија – модул Европско право и испитите ги заврши со просечна оценка 9,0. На 26 јануари 2010 година ѝ е прифатена пријавата за изработка на магистерски труд под наслов „Превентивна дипломатија. Улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија". Во периодот од октомври 2007 година до јануари 2008 година учествува во истражување на тема „Студентот во наставните и социјалните процеси на Полициската академија - Скопје".

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

На 24 јануари 2012 година го полага испитот за државни службеници.

Во периодот од 10 септември 2012 година до 28 септември 2012 учествува во летно училиште на тема „Социјални димензии на траговијата со луѓе во Западен Балкан" - Белград.

Во 2010 година доставува стручен труд на тема „Индикатори за тероризам во Република Македонија" за Годишен зборник 2010 година на Правниот факултет при УГД.

За Годишен зборник на Факултетот за безбедност – Скопје, одобрен е стручен труд на тема „Воспоставување на мисијата на УНПРЕДЕП во Република Македонија".

Јулијана Богданова активно го познава англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

3. Кандидатката **м-р Александра Ангеловска** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Уверение за завршен прв циклус студии,
- Уверение за положени испити од втор циклус студии,
- Одлука од комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд,
- Потврда за познавање на англиски јазик,
- Кратка биографија,
- Диплома за завршен курс по компјутери,
- Уверение за државјанство.

***Биографски податоци и професионални активности:***

Кандидатката **м-р Александра Ангеловска** е родена на 17 декември 1986 година во Штип, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 9,58. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд под наслов „Казнено-правни аспекти на педофилијата“ и се стекна со титула магистер по право, со просечна оценка 9.5. Кандидатот има учествувано на стручни и научни советувања на теми „Невладини организации и јакнење на граѓанскиот свет“, „Обука на студентите и младите за мониторинг и испитување на јавно мислење“, „Општи правила на размислување, бон тон, Европа кај нас“.

Во 2010 година завршува обука за Windows 7 – configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од јуни до ноември 2010 година волонтира како приправник во адвокатска канцеларија „Кошевалиски“ во Штип. Во учебната 2009/2010 до март 2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Казнено право, Криминологија) на  Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Од април 2011 година работи како соработник во Општина Штип.

М-р Александра Ангеловска има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

4. Кандидатката м**-р Сузана Рунчева-Стојанова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Пријава,
- Уверение за положени испити,
- Потврда за служење со еден од светските јазици,
- Уверение за државјанство,
- Еден примерок од научниот труд,
- Диплома за завршен втор циклус студии,
- Уверение за завршен прв циклус студии,
- Диплома за завршен прв циклус студии.

***Биографски податоци и професионални активности:***

Кандидатката м-р Сузана Рунчева - Стојанова е родена на 11 декември 1986 година во Штип, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот Факултет „Јустинијан Први“– Скопје, со просечен успех 8,42. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд под наслов „Казнените дела на семејното насилство во кривичниот законик  на Република Македонија“ и се стекна со титула магистер по право со просечен успех 8,5. Од 21 ноември 2009 година активно волонтира во Одделот за втор и трет циклус на студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Сузана Рунчева има одлично познавање на англиски и шпански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

5. Кандидатката **м-р Елена Иванова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Кратка биографија,
- Мотивационо писмо,
- Уверение за државјанство,
- Кратка биографија,
- Уверение за положени испити од втор циклус,
- Диплома од завршен втор циклус студии,
- Одлука од комисија за оценка и одбрана на магистерски труд,
- Копија од уверение за положени испити на прв циклус студии,
- Копија од диплома за завршен прв циклус студии,

- Копија од согласност за назначување на ментор на трет циклус студии,
- Потврда за познавање на странски јазик,
- Копија од диплома за завршен основен курс по компјутери,
- Копија од диплома за завршена обука за Windows 7 – configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
- Копија од сертификат за учество на „Summer Course of European Criminal Justice Academy of European Law“, Trier Germany„
- Копија од сертификат за учество на „GIZ-DAADSummer School od Social dimension of Human Trafficking in the Westwrn Balkans“,
- Копија од потврда од УГД за период на волонтирање на Правниот факултет при УГД,
- Копија од потврда од УГД за работен ангажман во ИТ центарот при УГД,
- Извадок од Универзитетски билтен на УГД, од септември 2011 година, за Конкурс објавен на 4.4.2011 година за избор на двајца помлади асистенти со позитивна рецензија на Елена Иванова и предлог за нејзин избор за помлад асистент од научна област казнено право на Правниот факултет во Кочани,
- Примерок од објавен труд во весник,
- Примерок од одбранет магистерски труд.

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатката **м-р Елена Иванова** е родена на 2 април 1987 година во Шибеник Република Хрватска. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ – Скопје со просечен успех 9,46. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд под наслов „Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговијата со малолетни лица“ и се стекна со титула магистер по право, со просечна оценка 9.08. Од октомври 2011 година примена на докторски студии на Правниот факултет во Скопје, Кривично-правна насока, под менторство на проф. д-р Гордана Лажетиќ-Бужаровска.

Во 2004 година во Охрид учествува на едукативно училиште за ХИВ/СИДА/СПИ ПРЕВЕНЦИЈА. Во 2010 година присуствува на Национална научна конференција „Одговорност и претставување – отворени или затворени кандидатски листи“ во организација на Националниот демократски институт. Во 2010 година завршува обука за Windows 7 – configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од јуни до октомври 2010 година волонтира во Апелациониот суд во Штип.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година Иванова е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Казнено-процесно право, Семејно право, Историја на правото, Вовед во право на ЕУ, Европско казнено право, меѓународно казнено-процесно право и Правосуден систем на РМ) на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Елена Иванова има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

Во 2010 година доставува стручен труд на тема „Сепарација на инкриминацијата трговија со малолетни лица од трговија со луѓе во кривичното законодавство на Република Македонија“ за Годишен зборник 2010 година на Правниот факултет при УГД.

Во Мозаик, Гласник на Општина Штип бр.25, Штипски глас бр.33, год III, 1 јуни 2012 објавува труд на тема „Посвојувањето на деца–помеѓу материјалното и емоциите“.

6. Кандидатката **м-р Милица Шутова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Кратка биографија,
- Копија од уверение за завршен факултет,
- Копија од диплома за завршен втор циклус студии,
- Копија од диплома за познавање на еден од светските јазици.

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатката **м-р Милица Шутова** е родена на 29 јануари 1986 година во Скопје. Основно образование завршува во Гевгелија. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 9,5. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд и се стекна со титула магистер по право, со просечна оценка 10. Од 2012 е запишана на докторски студии на Правниот факултет во Ниш, Катедра за граѓанско право. Во период од 2008 до 2009 година зема активно учество во Сојузот на студенти на Правен факултет, политички студии и студии по новинарство.

Во периодот од 2008 до 2011 година е демонстратор на Правниот факултет во Скопје по предметот Општ дел гараѓанско право, Стварно право.

Од 15.2.2012 до 15.8.2012 год. е стручен соработник во Адвокатско друштво „Чакмакова адвокати“ - Скопје.

Во 2010-2011 учествува во Проект за тутурство од страна на Фондација Отворено општество при USI.

7. Кандидатката **м-р Станка Трифунова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Пријава,
- Уверение за положени испити од прв циклус студии,
- Уверение за положени испити од втор циклус студии,
- Кратка биографија,
- Потврда за познавање странски јазик,
- Уверение за државјанство.

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатката **м-р Станка Трифунова** е родена на 16 јуни 1987 година во Пробиштип. Во 2009 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 8,85. Во 2012 година го одбрани својот магистерски труд и се стекна со титула магистер по право, со просечна оценка 9,75.

8. Кандидатката **м-р Патриција Рафаела Бикова** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Пријава,
- Уверение за завршени додипломски студии,
- Кратка биографија,
- Уверение за завршени втор циклус студии,
- Потврда за познавање странски јазик,
- Копија од пасош,
- Дипломи од Association International Commercial Arbitration Moot Vienna“ 2010 и 2011 година.

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатката **м-р Патриција Рафеала Бикова** е родена на 25 февруари 1988 година во Штип. Основно образование завршува во Штип. Во 2009 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 9,04. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд и се стекна со титула магистер по право, со просечна оценка 9,7.

Кандидатката Патриција Рафеала Бикова има одлично познавање на англиски јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

9. Кандидатката **м-р Весна Трајановска** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Кратка биографија,
- Извод од матична книга на родените,
- Уверение за државјанство,

- Потврда за познавање странски јазик,
- Уверение за дипломиран правник,
- Диплома за дипломиран правник,
- Уверение за положени испити на втор циклус студии,
- Одлука за стекнат степен магистер на правни науки од областа на казненото право,
- Диплома за магистер на правни науки од областа на казненото право,
- Одлука за фомирање на комисија за оценка на подобноста на кандидатот и темата за докторска дисертација,
- Листа од научни трудови објавени во публикации,
- Примерок од научни трудови,
- Одлука за избор на соработник по група предмети од областа на криминалистичките науки,
- Реферат за избор на соработник по криминалистичките науки,
- Сертификати.

***Биографски податоци и професионални активности***

Кандидатката **м-р Весна Трајановска** е родена на 22 март 1984 година во Скопје. Основно образование завршува во Штип. Во 2007 година завршува прв циклус на студии на Правниот Факултет „Јустинијан Први" – Скопје, со просечен успех 8,5. Во 2010 година го одбрани својот магистерски труд и се стекна со титула магистер по кривично-правни науки, со просечна оценка 9.

Во периодот од 2007 до 2008 г. има искуство како демонстратор по група предмети од кривичната област на Правниот факултет при УКИМ во Скопје.

На 7.9.2011 г. е избрана како соработник/помлад асистент по група предмети од областа на криминалистичките науки на МИТ Универзитет - Скопје.

Во 2012 година има публикувано научени трудови на МИТ Универзитет на тема „Генезата на создавањето и постапките пред меѓународниот кривичен суд" ISSN 1857-8128, Скопје, 2012; „Тероризам- транснационален и неконвенционална форма на криминалитет", Скопје, 2012.

Има учествувано на повеќе семинари во земјата и надвор од земајата.

**Весна Трајановска** има одлично познавање на англиски јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

10. Кандидатката **м-р Драгана Кипријановска** кон пријавата ги приложила и следниве документи:

- Кратка биографија,
- Диплома за завршен прв циклус студии,
- Диплома за завршен втор циклус студии,
- Уверение за положени испити на прв циклус студии,
- Кртка биографија,
- Сертификати,
- Потврда за познавање странски јазик,
- Листа на публикации научни и стручни трудови.

Кандидатката **м-р Драгана Кипријановска** е родена на 10 септември 1985 година во Скопје. Основно образование завршува во Скопје. Во 2010 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, со просечен успех 9,41. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд и се стекна со титула магистер по правни науки, со просечна оценка 9,41.

Кандидатката има учествувано на повеќе семинари во земјата и надвор од земајата и објавено повеќе научни и стручни трудови.

Драгана Кипријановска има одлично познавање на англиски јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, објавените научни и стручни трудови, учеството на стручни и научни советувања, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката м-р Елена Иванова е кандидат со највисок просек од кандидатите што имаат доставено комплетна документација и имаат магистрирано во областа казнено право.

Со тоа, кандидатката м-р Елена Иванова ги исполнува сите законски критериуми за избор на помлад асистент за научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, кандидатката **м-р Елена Иванова да се избере во звање помлад асистент за научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Витларов, насловен доцент, с.р.**
**Д-р Лазар Нанев, насловен доцент, с.р**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**